СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ВОЕНА ОБВРСКА И БРОЈНА СОСТОЈБА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

- компаративен преглед -

Илија Милчевски

Советник – истражувач и аналитичар по регионални прашања и меѓународни обврски

април 2023 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 3
ВОВЕД ..... 4
I ДРЖАВИ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СО ЦЕЛОСНО ДОБРОВОЛНА ВОЕНА СЛУЖБА ..... 4
II ДРЖАВИ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ВО КОИ ПОСТОИ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ВОЕН РОК ..... 6
II.1 Република Австрија ..... 6
II.2 Република Грција ..... 7
II.3 Кралство Данска ..... 7
II.4 Република Естонија ..... 7
II.5 Република Кипар ..... 8
II.6 Република Финска ..... 9
II.7 Република Латвија ..... 9
II.8 Република Литванија ..... 10
II.9 Кралство Шведска ..... 11
III БРОЈНА СОСТОЈБА НА АКТИВНИОТ И РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ..... 13
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 15

**РЕЗИМЕ**

Во најголем дел од XIX и XX век, односно во периодот од Француската револуција до крајот на Студената војна, доминантен модел за пополнување на кадровскиот состав на вооружените сили на државите од континентална Европа е преку пропишувањето на општа воена обврска и задолжителен воен рок за сите граѓани од машки пол на определена возраст. Општата воена обврска и задолжителниот воен рок постојат кај речиси сите денешни држави членки на Европската Унија (ЕУ) во текот на споменатиот период (односно, делот од тој период во кој тие постојат како независни држави). Единствени исклучоци се Ирска и Малта, кои никогаш не пропишале задолжителен воен рок за своите граѓани.

Позитивната промена на безбедносното опкружување во Европа по крајот на Студената војна, како и стапувањето на државите од централна и источна Европа во полноправно членство на НАТО, доведува до промена на безбедносните парадигми на поголемиот дел од европските држави. Како резултат од таквите промени, поголем дел од денешните држави членки на ЕУ ја укинуваат, суспендираат или замрзнуваат обврската на своите граѓани за задолжително служење на воен рок во мирнодопски услови. Таков е случајот со Белгија, Бугарија, Германија, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка, Шведска и Шпанија.

Сепак, укинувањето на мирнодопската задолжителна воена служба не значи и укинување на општата воена обврска. Одредбите со кои се пропишува оваа обврска се сè уште важечки, а државите го задржуваат правото за повторна промена на начинот на нејзиното остварување (вклучително и преку повторно воведување на задолжителниот воен рок) во случај на влошување на нивното безбедносно опкружување и, секако, во случај на војна. Повторното воведување на задолжителниот воен рок се случува и во пракса, кај три од претходно споменатите држави – Латвија, Литванија и Шведска. Како главни причини за враќањето на задолжителниот воен рок во овие држави може да се наведат влошувањето на безбедносната ситуација во нивното блиско или непосредно соседство, како и неможноста да се постигне адекватно ниво на пополнетост на нивните вооружени сили преку другите начини на остварување на воената обврска (доброволна воена служба, целосна професионализација на воената служба и сл.)

Конечно, кај помал, но сепак значаен дел од државите членки на ЕУ никогаш не е укинат задолжителниот воен рок. Покрај специфичните безбедносни предизвици и одбранбени потреби, како причина за задржување на задолжителниот воен рок кај некои од овие држави се јавува и расположението на јавноста, т.е. позитивниот однос на јавноста кон воената обврска. Во оваа група држави спаѓаат Австрија, Грција, Данска, Естонија, Кипар и Финска.

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа се два темелни аспекти на одбранбените политики на државите членки на Европската Унија (ЕУ) - (1) начинот на остварување на воената обврска, односно правото и обврската за одбрана на државата; и (2) бројната состојба на вооружените сили на овие држави. Во однос на првиот аспект, критериум за класификација на државите членки на ЕУ ќе биде нивната примена на еден од двата основни модели за остварување на воената обврска на нивните граѓани - преку целосно доброволна воена служба (и целосна професионализација на активниот персонал на нивните вооружени сили) или преку задолжителното служење на воениот рок за нивните граѓани (што не ја исклучува и професионализацијата на значаен, ако не и доминантен, дел од мирнодопскиот состав на нивните вооружени сили). Во однос на вториот аспект, ќе биде претставен табеларен преглед на бројната состојба на активниот и резервниот состав на вооружените сили на државите членки на ЕУ - според последните достапни податоци за 2023 година, но и во текот на претходниот 15-годишен период, преку петгодишни пресеци на бројните состојби во 2018, 2013 и 2008 година.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I ДРЖАВИ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СО ЦЕЛОСНО ДОБРОВОЛНА ВОЕНА СЛУЖБА

Традиционално, задолжителното служење на воениот рок е доминантен модел преку кој се остварувала воената обврска, односно правото и обврската за учество на граѓаните во одбраната на нивните држави во континентална Европа, во периодот од Француската револуција (1789 година) до крајот на Студената војна (1990/91 година). Во текот на споменатиот период, воведувањето на обврска за служење на задолжителен воен рок (често и во времетраење од повеќе години) на која подложеле сите мажи на определена возраст, претставува основен инструмент за пополнување на активниот (мирновременски) состав на вооружените сили на државите од континентална Европа, но и за обезбедување на кадровска основа за нивна мобилизација (и значително зголемување на нивната бројна состојба) во случај на војна. Пропишувањето на задолжителен воен рок им овозможувало на државите да ја одржуваат бројната состојба на нивните вооружени сили на ниво кое било соодветно на нивните тогашни безбедносни потреби, а на кои можело да биде одговорено единствено преку изградба и одржување на т.н. „масовни армии“. Задолжителната регрутација и воена обука на сите граѓани од машки пол во мирновременски услови им овозможувале на државите да имаат ефикасни и подготвени вооружени сили (во бројна состојба која ја сметале за соодветна на потребите) во случај на војна.[1]

Драстичната позитивна промена на безбедносното опкружување во Европа по завршувањето на Студената војна значајно придонесува кон промена на дотогашната одбранбена парадигма на европските држави. Како резултат на

---

[1] Joeri Rongé and Giulia Abrate, *Conscription in the European Union Armed Forces: National Trends, Benefits and EU Modernised Service*, Finabel: European Army Interoperability Center, Brussels, July 2019, достапно на: https://finabel.org/wp-content/uploads/2019/10/FFT-The-EU-Conscription-Model-W.pdf (пристапено на 5.4.2019 година).

овие процеси, во текот на 1990-тите години и особено во првата декада на 21 век, поголем број од државите членки на ЕУ го напуштаат концептот на задолжителен воен рок како и преминуваат на модел на доброволна регрутација и целосна професионализација на нивните вооружени сили (види табела 1). Сепак, укинувањето на обврската за задолжително служење на воениот рок во мирнодопски услови не значи и укинување на воената обврска (т.е. правото и обврската за учество во одбраната) за граѓаните на овие држави. Најголемиот дел од нив во својот правен поредок ја задржуваат воената обврска како уставно или законски пропишана обврска за нивните граѓани, како и правото за повторно воведување на задолжителна воена служба во случај на војна или драстично влошување на безбедносната ситуација.[2]

**Табела 1: Држави членки на ЕУ во кои не постои задолжителен воен рок, според годините во кои е укината таа обврска**[3]

| | |
|---|---|
| Ирска[4] | / |
| Малта[5] | / |
| Луксембург | 1967 |
| Белгија | 1992 |
| Франција | 1996 |
| Холандија | 1996 |
| Шпанија | 2002 |
| Словенија | 2003 |
| Португалија | 2004 |
| Унгарија | 2004 |
| Чешка | 2004 |
| Италија | 2005 |
| Словачка | 2006 |
| Романија | 2007 |
| Бугарија | 2008 |
| Хрватска | 2008 |
| Полска | 2009 |
| Германија | 2011 |

[2] Ibid.
[3] Ibid. Редоследот на државите во табелата е направен хронолошки - според календарската година во која е укинат задолжителниот воен рок. Во случаите кога повеќе држави ја направиле таа промена во текот на една иста календарска година, нивниот редослед во табелата е според азбучен ред.
[4] Од заокружувањето на нејзината независност во 1922 година, Република Ирска никогаш нема воведено задолжителен воен рок за нејзините граѓани. Сепак, ирскиот Закон за одбрана (донесен во 1954 година) дозволува воведување на задолжителна регрутација во случај на вонредни и воени состојби.
[5] Од прогласувањето на нејзината независност на 21 септември 1964 година, Република Малта никогаш не вовела задолжителен воен рок за своите граѓани.

## II ДРЖАВИ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ВО КОИ ПОСТОИ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ВОЕН РОК

Наспроти трендовите на укинување на задолжителниот воен рок во мирнодопски услови, актуелни за повеќето држави членки на ЕУ во последната декада на XX и првата декада на XXI век, дел од членките на Унијата го задржуваат овој начин на остварување на воената обврска. Држави членки на ЕУ кои го задржуваат задолжителниот воен рок се Австрија, Грција, Данска, Естонија, Кипар и Финска. Дополнително, три држави членки на ЕУ - Латвија, Литванија и Шведска, кои го укинаа задолжителниот воен рок во првата декада на XXI век, се одлучуваат за негово повторно воведување во текот на втората, односно третата декада од новиот милениум.

### II.1 Република Австрија

Општата воена обврска и задолжителниот воен рок за граѓаните на Австрија (од машки пол) се воведени веднаш по повторното воспоставување на австриската државност и целосен суверенитет во 1955 година. Овие обврски остануваат во сила во текот на целиот последователен период. Следејќи ги трендовите во повеќето европски држави, Федералната влада на Австрија во текот на 2012 година ја разгледува иницијативата (поддржана од најголемата партија во тогашната владина коалиција) за укинување на задолжителниот воен рок. Иницијативата наидува на поделени и противречни реакции, како во австриското општество, така во рамките на владејачката коалиција. Конечно, предлогот за укинување на задолжителниот воен рок е ставен на национален консултативен референдум, одржан на 20 јануари 2013 година. При одзив на избирачите од 52,4%, 59,7% од важечките гласови биле во полза на задржување на постоечкиот модел на остварување на воената обврска преку задолжителен воен рок. И покрај правно необврзувачкиот (консултативен) карактер на референдумот, Федералната влада на Австрија постапила во согласност со неговите резултати и го повлекла предлогот за укинување на задолжителниот воен рок.[6]

Согласно позитивните законски прописи, сите граѓани на Република Австрија од машки пол и на возраст од 17 до 50 години подлежат на воена обврска. Процедурата за нивна регрутација започнува во текот на календарската година во која тие навршуваат возраст од 18 години, со контролни лекарски прегледи и евалуација, во рамки на кои комисија за евалуација (составена од воено лице - офицер, лекар и психијатар) ја оценува нивната способност за воена служба со една од оценките „способен“, „привремено неспособен“ или „неспособен“. Воените обврзници оценети со „способен“ можат да бидат упатени на отслужување на воениот рок најдоцна до календарската година во која тие навршуваат возраст од 35 години. Времетраењето на задолжителниот воен рок изнесува шест месеци. Воените обврзници кои поради приговор на совеста или други причини не сакаат да бидат упатени на отслужување на воениот рок, имаат можност за алтернативна цивилна служба, која е во надлежност на Федералното министерство за земјоделство, регионален развој и туризам и е во времетраење од девет месеци. Во текот на 2020 година, 48,6% од сите повикани воени обврзници (приближно 14.000 лица) се одлучиле за алтернативна цивилна служба, наместо за отслужување на задолжителниот воен рок. Од 14 јануари

[6] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5102 и Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234.

1998 година, австриското законодавство овозможува доброволно служење на воен рок во австриските вооружени сили и за жените.[7]

### II.2 Република Грција

Задолжителниот воен рок во Грција е воведен во 1911 година и досега немало официјални предлози за негово укинување. Според грчкото позитивно законодавство, сите граѓани на Република Грција од машки пол, на возраст од 19 до 45 години подлежат на воена обврска. Во случај на воена или вонредна состојба, министерот за одбрана има право да нареди мобилизација на мажи кои ја надминале горната возрасна граница (45 години) на воената обврска. Времетраењето на задолжителниот воен рок зависи од видот на вооружените сили во кој е регрутиран воениот обврзник. За регрутите во Копнената војска времетраењето на задолжителниот воен рок изнесува 9 месеци, додека за регрутите во Воената морнарица тој изнесува 12 месеци. Воените обврзници кои поради своите „религиозни, филозофски и морални уверувања, кои ги демонстрираат преку соодветно поведение“ не сакаат да извршуваат воена служба, имаат можност истата да ја заменат со алтернативна цивилна служба, која ја извршуваат во рамките на јавниот сектор и која се состои од извршување услуги од јавен интерес. Алтернативната цивилна служба се извршува во времетраење кое е двојно подолго од времетраењето на задолжителниот воен рок. Во воена состојба, министерот за одбрана има право да го суспендира правото на замена на задолжителниот воен рок со алтернативна цивилна служба.[8]

### II.3 Кралство Данска

Данските граѓани од машки пол подлежат на воена обврска по навршувањето на 18-годишна возраст. Освен на служба во вооружените сили, воените обврзници можат да бидат упатени на отслужување на својот задолжителен воен рок и во данската Национална агенција за управување со вонредни состојби. Покрај задолжителниот воен рок за мажите, во Данска постои можност за отслужување на доброволен воен рок од страна на жените. Времетраењето на воениот рок изнесува од 4 до 12 месеци. Данските воени обврзници имаат право на алтернативна цивилна служба, по основа на приговор на совеста. Барањето за алтернативна цивилна служба можат да го поднесат во рок од 8 недели по добивањето на поканата за отслужување на задолжителниот воен рок. Времетраењето на алтернативната цивилна служба е еднакво со времетраењето на задолжителниот воен рок.[9]

### II.4 Република Естонија

Граѓаните на Естонија од машки пол на возраст од 18 до 60 години подлежат на воена обврска. Како дел од општата воена обврска, тие се упатуваат на

[7] Прашалник на ЕЦПРД бр. 4339, Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667 и Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234

[8] Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667 и Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234; како и Joeri Rongé and Giulia Abrate, *Conscription in the European Union Armed Forces: National Trends, Benefits and EU Modernised Service*, Finabel: European Army Interoperability Center, Brussels, July 2019

[9] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234.

отслужување на задолжителен воен рок најрано по навршувањето на 18-годишна возраст, а најдоцна до 27 години старост. Жените, исто така, имаат право доброволно да се пријават на отслужување на воениот рок. Времетраењето на задолжителниот воен рок изнесува најмалку 8, а најмногу 12 месеци, во зависност од родот/видот на вооружените сили во кои се извршува воената служба, специфичните задачи на воената единица која ја врши обуката на воениот обврзник и самата природа на обуката. Воените обврзници кои поради религиозни или морални причини одбијат отслужување на задолжителниот воен рок (воена служба) се упатуваат на отслужување на алтернативна (цивилна) служба. Барањето за алтернативна служба може да биде поднесено најдоцна 30 дена пред денот определен за стапување на воениот обврзник во воена служба. Барањето треба да биде соодветно образложено (да се наведат религиозните или моралните причини поради кои се одбива служењето на задолжителниот воен рок) и подлежи на проверка од страна на Агенцијата за одбранбени ресурси, која може да побара дополнителни објаснувања од воениот обврзник, или да ги провери наводите презентирани во барањето во образовната институција или работното место на воениот обврзник, како и во верската организација на која тој (тврди дека) припаѓа. По одобрувањето на барањето за алтернативна служба, воениот обврзник може да биде упатен истата да ја извршува во рамките на организација задолжена за заштита и спасување, во рамките на јавна установа - давател на социјални услуги или во рамките на образовна институција која врши образование на ученици со посебни потреби.[10]

## II.5 Република Кипар

Кипарските граѓани на возраст од 18 до 50 години подлежат на општа воена обврска. Воената обврска за однесува исклучиво на мажите, додека за жените не постои никаква можност за извршување на (задолжителна или доброволна) воена служба. Од септември 2016 година, времетраењето на задолжителниот воен рок е скратено од претходните 24 на 14 месеци. За одредени категории воени обврзници - повратници од странство, деца без родители и татковци на две или повеќе деца, времетраењето на задолжителниот воен рок изнесува 6 месеци. Кипарските граѓани имаат право отслужувањето на задолжителниот воен рок да го заменат со алтернативна воена служба или алтернативна социјална служба. Алтернативната воена служба, воените обврзници ја извршуваат во рамките на вооружените сили, но без притоа да носат оружје или да учествуваат во воена обука. Алтернативната цивилна служба се извршува во рамките на јавните служби и се состои во извршување на работи од јавен интерес. Времетраењето на алтернативната воена служба и алтернативната социјална служба е подолго од времетраењето на задолжителниот воен рок и изнесува 19 (наместо 14) месеци.[11]

---

[10] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234, како и естонскиот Закон за воена служба (Military Service Act) од 2012 година, достапен на: https://www.riigiteataja.ee/en/eli/ee/513072022006/consolide/current) (пристапено на 10.4.2023 година).

[11] Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667 и Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234.

## II.6 Република Финска

Општата воена обврска и задолжителниот воен рок во Финска се воведени непосредно по прогласувањето на нејзината независност (1917 година), со донесувањето на Привремениот закон за задолжителен воен рок во 1919 година. Согласно позитивната законодавна рамка (за последен пат изменета во 2007 година) сите фински граѓани од машки пол подложат на општа воена обврска која започнува на почетокот на годината во која тие навршуваат 18-годишна возраст, а завршува на крајот на годината во која тие навршуваат 60 години старост. Од 1995 година, овозможено е доброволно исполнување на воена обврска и за жените. Исполнувањето на општата воена обврска се состои од отслужување на задолжителниот воен рок, учество во воени вежби и обуки како резервист, дополнителна воена служба и воена служба во време на мобилизација, како и учество во постапката за регрутација и прегледи за проценка на способноста за воена служба. Граѓаните способни за воена служба истата ја извршуваат преку активна воена служба, во рамките на резервните сили или во рамките на помошните резервни сили.[12]

Времетраењето на задолжителниот воен рок за финските граѓани зависи од предвидената обука, односно воено-евиденциска специјалност на регрутот. За општите војнички специјалности, задолжителниот воен рок трае 165 дена (5,5 месеци). За воено-евиденциските специјалности чија обука вклучува совладување на специјализирани војнички вештини, како и за регрутите кои извршуваат воена служба без носење на оружје, времетраењето на воениот рок изнесува 255 дена (8,5 месеци). За регрутите кои се обучуваат за добивање на офицерски или подофицерски чин, како и за војниците за кои е предвидено да извршуваат најсложени должности и задачи, времетраењето на воениот рок изнесува 347 дена (11,5 месеци).[13]

Финското позитивно законодавство дозволува изземање од отслужување на воениот рок, односно негова замена со невоена (цивилна) служба поради приговор на совеста. Воениот обврзник не е должен да даде детално образложение на своите мотиви и причини при поднесувањето барање за изземање од воена служба и упатување на цивилна служба. На годишно ниво, приближно 7% од воените обврзници го заменуваат задолжителниот воен рок со цивилна служба. Времетраењето на цивилната служба изнесува 11,5 месеци.[14]

## II.7 Република Латвија

Следејќи ги примерите на поголемиот дел од државите членки на ЕУ и НАТО, Република Латвија во 2007 година се одлучува да го укине мирнодопското задолжително служење на воен рок. Влошувањето на безбедносното опкружување во регионот на Источна Европа и Балтичко Море, како последица на руската анексија на Крим и почетокот на конфликтот во источна Украина во 2014 година, придонесува за повторна промена на латвиската одбранбена и безбедносна парадигма. Првично, како одговор на новите безбедносни

[12] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234

[13] Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667 и Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234.

[14] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234, како и Joeri Rongé and Giulia Abrate, *Conscription in the European Union Armed Forces: National Trends, Benefits and EU Modernised Service*, Finabel: European Army Interoperability Center, Brussels, July 2019

предизвици, Латвија го развива проектот на „тотална одбрана“ (познат и под името „сеопфатна одбрана“). Овој проект, започнат во април 2017 година, предвидува поголема вклученост на граѓаните во одбраната, започнување на програми за основна воена обука (на доброволна основа) во средните училишта и зајакнување на Националната гарда како резервна компонента на вооружените сили на Латвија. Во рамките на овој проект (сеуште) не е предвидено повторно воведување на задолжителен воен рок.[15]

Инвазијата на Руската Федерација врз Украина во февруари 2022 година дополнително го усложнува безбедносното опкружување на Латвија. Како одговор на новите безбедносни предизвици, Латвискиот парламент кон крајот на 2022 година донесува закон со кој повторно се воведува задолжителниот воен рок, односно се воведува општа воена обврска на која подлежат сите граѓани на Латвија од машки пол на возраст меѓу 18 и 27 години, како и можност за доброволна служење на воен рок за жените. Законот, кој стапи во сила во текот на јануари 2023 година, предвидува дека формациските места во латвиските вооружени сили предвидени за пополнување со воени обврзници ќе се пополнуваат преку два регрутациски циклуси годишно. Примарен метод на пополнување на овие места е со граѓани кои доброволно ќе се пријават на отслужување на воениот рок (доброволна регрутација). Формациските места кои ќе останат непополнети ќе се пополнуваат со воени обврзници кои ќе бидат повикани на отслужување на воениот рок (задолжителна регрутација). Предвидено е првата задолжителна регрутација да биде извршена во втората половина на 2023 година.[16]

## II.8 Република Литванија

Како и голем дел од државите од Централна и Источна Европа, Литванија го укина задолжителниот воен рок во 2008 година. Како главни причини за таа одлука се наведуваат стапувањето во полноправно членство во НАТО во 2004 година, како и позитивните промени во безбедносното опкружување[17]. Усложнувањето на безбедносното опкружување, предизвикано со руската анексија на Крим и почетокот на воените судири во источна Украина во текот на 2014 година доведе до преиспитување на оваа одлука и повторно воведување на задолжителниот воен рок во текот на пролетта на 2015 година. Покрај променетата геополитичка ситуација и влошеното безбедносно опкружување, како причина за повторното воведување на задолжителниот воен рок се наведува и недоволната пополнетост на единиците на литванските вооружени сили. Имено, интересот за професионална воена служба меѓу литванските граѓани бил многу помал од првично очекуваниот (при укинувањето на задолжителниот воен рок и воведувањето на целосно професионална армија), што имало негативни ефекти врз пополнетоста на единиците и оперативните капацитети на литванските вооружени сили. Повторното воведување на задолжителниот воен рок е насочено кон постигнување на следните цели и резултати - зајакнување на одбранбените капацитети на државата, целосна

[15] Joeri Rongé and Giulia Abrate, *Conscription in the European Union Armed Forces: National Trends, Benefits and EU Modernised Service*, Finabel: European Army Interoperability Center, Brussels, July 2019.

[16] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234, како и The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2023*, Routledge, London, February 2023, p.108-109

[17] На пример, при тогашните проценки на ризици и закани, Руската Федерација веќе не била третирана како реалистична воена закана.

пополнетост на единиците од активниот состав на вооружените сили и зголемување на бројноста на резервниот состав на вооружените сили.[18]

Според сегашниот модел за регрутација, приближно 4.000 литвански граѓани од машки пол и на возраст меѓу 18 и 23 години се повикуваат на отслужување на воениот рок секоја година. Селекцијата на повиканите регрути се извршува врз основа на компјутерски генериран случаен избор. Според најавите од Владата на Литванија, во текот на 2023 година бројот на литванските граѓани кои ќе бидат повикани на отслужување на задолжителниот воен рок врз основа на овој модел на регрутација ќе се зголеми на 4.400. Имајќи ги предвид потребите на вооружените сили, од една страна, како и демографските тенденции и проекции, од друга страна, се предвидува дека за шест до осум години ќе се појави потреба за напуштање на ваквиот начин на регрутација по случаен избор, односно ќе стане неопходно на отслужување на задолжителниот воен рок да бидат повикувани сите граѓани на Литванија од машки пол на возраст меѓу 18 и 23 години. Времетраењето на задолжителниот воен рок изнесува 9 месеци.[19]

Освен задолжителниот воен рок, позитивното законодавство на Литванија предвидува и можност за доброволно служење на 9-месечниот воениот рок за сите мажи и жени на возраст од 18 до 38 години. Како дополнителна стимулација, воените обврзници за време на (доброволното или задолжителното) отслужување на воениот рок добиваат месечен паричен надоместок, како и отпремнина која се исплаќа по завршувањето на воениот рок, а чија висина зависи од добиената оценка за нивото на извршување на воената служба (одлично, добро или задоволително). Максималниот вкупен износ на овие надоместоци изнесува приближно 3.000 евра. Исто така, државата исплаќа субвенции на работодавачите за секој нивни вработен кој се наоѓа на отслужување на воениот рок, заради задржување на нивните работни места и нивна брза реинтеграција во цивилниот живот по отслужувањето на воениот рок. Литванското законодавство овозможува и замена на отслужувањето на задолжителниот воен рок со воена служба без носење на оружје или со алтернативна цивилна служба.[20]

## II.9 Кралство Шведска

Шведското законодавство предвидува општа обврска за служба во одбраната за сите граѓани на Шведска, независно од нивниот пол, на возраст од 16 до 70 години. Оваа обврска се извршува на еден од следните три начини:

- воена служба (задолжителен воен рок);
- цивилна служба; или,
- општа задолжителна национална служба.

Воената служба, односно задолжителниот воен рок во Шведска има традиција подолга од 100 години. За прв пат е воведен во 1901 година и бил задолжителен за сите граѓани на Шведска од машки пол се до неговото ставање во мирување во јули 2010 година. Главна причина за ставањето на задолжителниот воен рок во мирување, односно за воведување на модел на регрутација за служба во

[18] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234, Прашалник на ЕЦПРД бр. 5102 и Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667.
[19] Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667 и Прашалник на ЕЦПРД бр. 5102.
[20] Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667.

вооружените сили врз исклучиво доброволна основа се реформите во одбранбениот сектор и последователното намалување на бројноста на вооружените сили, што довело во ситуација кога бројот на предвидените формациски места во единиците на вооружените сили бил помал од бројот на воените обврзници кои требало да бидат упатени на отслужување на воениот рок. Сепак, новиот модел на регрутација заснована исклучиво врз доброволна основа набргу ги покажал своите слабости, при што се покажало дека на тој начин можат да бидат обезбедени само околу 60% од бројот на потребните регрути. Од тие причини, на 2 март 2017 година Шведска повторно воведува задолжителен воен рок за сите свои граѓани, независно од нивниот пол.

Новиот модел на задолжителен воен рок предвидува селективна регрутација на воените обврзници. Процесот на селективна регрутација се состои од две фази. Во првата фаза, сите воени обврзници имаат обврска да пополнат прашалник (по навршувањето на 18-годишна возраст), врз основа на кој се евалуираат нивните способности и нивната мотивација за воена служба. Регрутите кои продолжуваат во втората фаза на селекција се избираат врз основа на евалуација на одговорите од прашалникот. Втората фаза се состои од интервју, како и од медицински прегледи за проценка на здравствената способност за воена служба. Повикувањето на воените обврзници на отслужување на воениот рок се врши врз основа на резултатите од оваа фаза на селекција. Времетраењето на воениот рок изнесува од 6 до 15 месеци, поделени во два дела. Во текот на првиот дел од задолжителниот воен рок, воениот обврзник поминува основна воена обука во времетраење од три месеци. По завршувањето на основната воена обука, воениот обврзник се распоредува на формациско место каде спроведува и дополнителна воена обука во времетраење од 3 до 12 месеци.[21]

Цивилната служба, како еден од начините за извршување на општата обврска за служба во одбраната е насочена кон обезбедување на функционирањето на виталните делови од општеството (на пример, здравствениот систем, системот за грижа за децата, системите за заштита и спасување и противпожарна заштита и сл.) во време на воена и вонредна состојба. Слично како и воената служба, и цивилната служба предвидува спроведување на регрутација и обука, повремени вежби и обврска за служба во резерва и мобилизација за обврзниците кои на овој начин ја остваруваат својата општа обврска за служба во одбраната. Цивилната служба е ставена во мирување во јули 2010 година, истовремено со ставањето во мирување на задолжителната воена обврска. На 4 ноември 2022 година, надлежниот министер во шведската Влада најави нејзино повторно активирање, во форма соодветна на актуелните предизвици.[22]

Општата задолжителна национална служба може да биде активирана единствено во вонредни и воени состојби, а за неа можат да бидат повикани сите граѓани на возраст од 16 до 70 години (без разлика на пол) кои не се вклучени во воената или во цивилната служба. За разлика од воената и цивилната служба, општата задолжителна национална служба не предвидува спроведување на посебни обуки.[23]

[21] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234, Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667 и Прашалник на ЕЦПРД бр. 5102.
[22] Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234
[23] Ibid.

## III БРОЈНА СОСТОЈБА НА АКТИВНИОТ И РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ

Промените во бројната состојба на вооружените сили на државите членки на ЕУ во текот на последните 15 години, односно во периодот 2008-2015 година, се прикажани во табела 2. Податоците во табелата се прикажани по принципот на петгодишни пресеци на состојбите - за 2008, 2013, 2018 и 2023 година. Редоследот на државите во табелата е направен според бројноста на активниот состав на нивните вооружени сили во 2023 година.

**Табела 2: Бројна состојба на активниот и резервниот состав на вооружените сили на државите членки на ЕУ во периодот 2008-2023 година (за 2023, 2018, 2013 и 2008 година)**

| | **2023 година**[24] | | **2018 година**[25] | | **2013 година**[26] | | **2008 година**[27] | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | активен состав | резерва | активен состав | резерва | активен состав | резерва | активен состав | резерва |
| Франција | 203.250 | 41.150 | 202.700 | 32.300 | 228.850 | 29.650 | 254.895 | 25.350 |
| Германија | 183.150 | 32.650 | 178.600 | 27.900 | 196.000 | 40.320 | 245.702 | 161.812 |
| Италија | 161.050 | 17.900 | 174.500 | 18.300 | 181.450 | 18.300 | 186.049 | 41.867 |
| Грција | 132.200 | 289.000 | 141.350 | 220.500 | 144.350 | 216.650 | 156.600 | 251.000 |
| Шпанија | 124.150 | 14.700 | 121.200 | 15.450 | 135.500 | 32.000 | 149.150 | 319.000 |
| Полска | 114.050 | Н/П | 105.000 | Н/П | 96.000 | Н/П | 127.266 | 234.000 |
| Романија | 71.500 | 55.000 | 69.300 | 50.000 | 71.400 | 45.000 | 74.267 | 45.000 |
| Бугарија | 36.950 | 3.000 | 31.300 | 3.000 | 31.300 | 303.000 | 40.747 | 303.000 |
| Холандија | 33.600 | 6.000 | 35.410 | 4.500 | 37.400 | 3.200 | 45.608 | 32.200 |
| Унгарија | 32.150 | 20.000 | 27.800 | 44.000 | 26.500 | 44.000 | 32.300 | 44.000 |
| Португалија | 26.700 | 23.500 | 30.500 | 211.950 | 42.600 | 211.950 | 42.910 | 210.900 |
| Чешка | 26.600 | Н/П | 23.200 | Н/П | 23.650 | Н/П | 23.092 | Н/П |
| Австрија | 23.300 | 112.250 | 22.400 | 152.200 | 23.250 | 176.450 | 39.600 | 66.000 |
| Белгија | 23.200 | 5.900 | 28.800 | 5.000 | 32.650 | 1.400 | 39.690 | 2.040 |
| Литванија | 23.000 | 7.100 | 18.350 | 6.700 | 11.800 | 6.700 | 13.850 | 6.700 |
| Финска | 19.250 | 238.000 | 21.500 | 216.000 | 22.200 | 354.000 | 29.300 | 237.000 |
| Словачка | 17.950 | Н/П | 15.850 | Н/П | 15.850 | Н/П | 17.129 | 20.000 |
| Хрватска | 16.700 | 21.000 | 15.650 | Н/П | 18.600 | 21.000 | 17.660 | 105.550 |
| Данска | 15.400 | 44.200 | 16.100 | 45.700 | 16.450 | 53.500 | 29.960 | 53.700 |
| Шведска | 14.600 | 10.000 | 29.750 | Н/П | 20.500 | Н/П | 24.000 | 262.000 |
| Кипар | 12.000 | 50.000 | 15.000 | 50.000 | 12.000 | 50.000 | 10.000 | 60.000 |
| Ирска | 8.200 | 1.600 | 9.100 | 2.480 | 8.900 | 4.930 | 10.460 | 14.875 |
| Естонија | 7.200 | 17.500 | 6.600 | 12.000 | 5.750 | 30.000 | 4.100 | 16.000 |
| Латвија | 6.600 | 15.500 | 5.310 | 7.850 | 5.350 | 7.800 | 5.696 | 11.204 |
| Словенија | 6.400 | 750 | 7.250 | 1.500 | 7.600 | 1.700 | 5.973 | 20.000 |

[24] The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2023*, Routledge, London, February 2023, p.50-149
[25] The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2018*, Routledge, London, 2018, p.65-168
[26] The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2013*, Routledge, London, 2013, p.89-198
[27] The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2008*, Routledge, London, 2008, p.101-204

| | **2023 година**[24] | | **2018 година**[25] | | **2013 година**[26] | | **2008 година**[27] | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | активен состав | резерва | активен состав | резерва | активен состав | резерва | активен состав | резерва |
| Малта | 1.700 | 260 | 1.950 | 180 | 1.950 | 170 | 1.609 | 90 |
| Луксембург | 410 | Н/П | 900 | Н/П | 900 | Н/П | 900 | Н/П |

Изработил: Илија Милчевски

Одобрила и согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Joeri Rongé and Giulia Abrate, *Conscription in the European Union Armed Forces: National Trends, Benefits and EU Modernised Service*, Finabel: European Army Interoperability Center, Brussels, July 2019, достапно на: https://finabel.org/wp-content/uploads/2019/10/FFT-The-EU-Conscription-Model-W.pdf
2. Прашалник на ЕЦПРД бр. 4339 [ECPRD Request 4339: *Conscripts in international operations/conflicts*]
3. Прашалник на ЕЦПРД бр. 4667 [ECPRD Request 4667: *Military service*]
4. Прашалник на ЕЦПРД бр. 5102 [ECPRD Request 5102: *Military Recruitment Models*]
5. Прашалник на ЕЦПРД бр. 5234 [ECPRD Request 5234: *On a National Mandatory Military Service*]
6. Закон за воена служба (Military Service Act) на Република Естонија од 2012 година, достапен на: https://www.riigiteataja.ee/en/eli/ee/513072022006/consolide/current)
7. The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2023*, Routledge, London, February 2023
8. The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2018*, Routledge, London, 2018
9. The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2013*, Routledge, London, 2013
10. The International Institute for Strategic Studies, *The Military Balance 2008*, Routledge, London, 2008


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој
ги користи
услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и
дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому
му се поднесува
барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги
и препорачан
минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-тематски преглед 5
-хронолошки преглед 5
-статистички/квантитативен преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат
истражувачките
работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што
не може да
биде
побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070 409-544
070 320-341
070 320-349
070 320-348